# А К Т

## НА УСТАВНИОТ СУД
## НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# А К Т

## НА УСТАВНИОТ СУД
## НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Скопје, јуни 2024 година**

# СОДРЖИНА

**I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ ........................................................ 1**

Предмет на уредување ........................................................ 1
Независност и самостојност ........................................................ 1
Гаранција и остварување на независноста и самостојноста ........... 2
Седиште на Уставниот суд ........................................................ 2
Обележја на Уставниот суд ........................................................ 2
Должност за доставување податоци, информации и материјали ........................................................ 2
Јавност во работата ........................................................ 3
Употреба на јазици и писма ........................................................ 3

**II. НАЧИН НА РАБОТА НА УСТАВНИОТ СУД ........................................ 3**

Поднесоци ........................................................ 3
Означување на предметите ........................................................ 4
Формирање и распределба на предмети ........................................ 5
Постапување по службена должност ........................................ 5
Следење на остварувањето на уставноста, законитоста и слободите и правата ........................................................ 5
Трошоци во постапката ........................................................ 5
Седница на Уставниот суд ........................................................ 6
Работни состаноци ........................................................ 6
Избор на претседател на Уставниот суд ........................................ 7
Права и должности на претседателот на Уставниот суд ................ 7
Постојани и повремени комисии ........................................................ 7
Комисија за организациони и кадровски прашања ......................... 8
Комисија за информирање и соработка ........................................ 8
Редакциона комисија ........................................................ 9

**III. ПОСТАПКА ПРЕД УСТАВНИОТ СУД ........................................ 9**

**1. Постапка за оценување на согласноста на законите со Уставот, согласноста на другите прописи и колективните договори со Уставот и законите и согласноста на програмите и статутите на политичките партии и здруженијата на граѓаните со Уставот ......................... 9**

Иницијатива ........................................................ 9
Постапување по непотполна иницијатива, која е поднесена од непознат подносител, содржи навредливи наводи или за која Уставниот суд не е надлежен ........................................ 10
Постапување по иницијативи поднесени од повеќе учесници ........................................................ 11
Испитување на иницијативата ........................................................ 11
Учесници во постапката ........................................................ 11
Претходна постапка ........................................................ 11
Реферат за седница ........................................................ 12

Разгледување списи ........ 12
Свикување седница ........ 13
Дневен ред и тек на седницата ........ 13
Донесување одлуки и решенија ........ 14
Издвоено мислење ........ 14
Записник за текот на седницата ........ 14
Поведување постапка ........ 15
Запирање на извршување ........ 15
Отфрлање иницијатива ........ 16
Запирање постапка ........ 16
Подготвителна седница ........ 16
Јавна расправа ........ 17
Реферат за јавна расправа ........ 18
Покана за јавна расправа ........ 18
Кворум за одржување јавна расправа ........ 18
Тек на јавната расправа ........ 18
Изведување докази на јавната расправа ........ 19
Одлагање на јавна расправа и подготвителна седница ........ 19
Продолжување со јавната расправа и подготвителната седница ........ 20
Заклучување на јавната расправа ........ 20
Записник од јавната расправа ........ 20
Советување и гласање ........ 21
Записник од советувањето и гласањето ........ 21

**2. Постапка за заштита на слободите и правата утврдени со член 110 алинеја 3 од Уставот ........ 22**

Барање за заштита на слободите и правата од член 110 алинеја 3 од Уставот ........ 22
Доставување на одговор ........ 23
Реферат за седница ........ 23
Јавна расправа ........ 23
Одлука за заштита на слободите и правата утврдени со член 110 алинеја 3 од Уставот ........ 24
Запирање на извршување на поединечен акт или дејствие ........ 24
Запирање постапка ........ 24

**3. Постапка за одземање имунитет, утврдување одговорност и настапување на услови за престанок на функцијата на претседателот на Републиката ........ 25**

Одземање имунитет ........ 25
Утврдување одговорност на претседателот на Републиката ........ 25
Утврдување на настапување услови за престанок на функција ........ 26
Комисија ........ 26

**4. Постапка за решавање судир на надлежности ......................... 27**
Предлог за решавање судир на надлежности ............................... 27
Претпоставки за поднесување предлог за решавање судир на надлежности................................................ 27
Елементи на предлогот за решавање судир на надлежности ..................................................................... 27
Одлучување по предлог за решавање судир на надлежности ..................................................................... 28
Запирање на извршување на поединечни акти ............................. 28

**5. Постапка за одземање имунитет и утврдување на трајно губење на способноста за вршење на функцијата судија на Уставниот суд ........................................................................... 28**
Постапување на Уставниот суд ..................................................... 28

**6. Примена на одредбите на овој акт на постапките пред Судот ...................................................................... 29**
Сообразна примена ......................................................................... 29

**IV. АКТИ НА УСТАВНИОТ СУД ............................................................. 29**
Видови акти ...................................................................................... 29
Одлуки ................................................................................................ 29
Решенија............................................................................................ 30
Околности за одлучување................................................................ 30
Содржина на одлуките и решенијата ............................................. 31
Утврдување текст.............................................................................. 31
Потпишување на одлуките и решенијата....................................... 32
Доставување на одлуките и решенијата ........................................ 32
Објавување на одлуките и решенијата .......................................... 32
Исправки на одлуките и решенијата............................................... 32

**V. ПРАВНО ДЕЈСТВО НА ОДЛУКИТЕ НА УСТАВНИОТ СУД .............. 33**
Правно дејство на одлуките............................................................ 33
Укинување ......................................................................................... 33
Извршување на правосилни поединечни акти донесени врз основа на укинат или поништен закон или друг општ акт..................................................................................... 33
Остварување права повредени со поединечен акт донесен врз основа на поништен закон или друг општ акт ........... 33

**VI. ИЗВРШУВАЊЕ НА ОДЛУКИТЕ НА УСТАВНИОТ СУД .................... 34**
Настапување на извршноста и неможност за одлагање на извршувањето.......................................................... 34
Следење на извршувањето на одлуките ....................................... 34
Барање за извршување на одлуките............................................. 34
Утврдување начин на извршување на одлуките ........................... 34

Извршување од страна на доносителите на актите
и органите и другите субјекти при повреда на
слободите и правата од член 110 алинеја 3 од Уставот ................ 35
Обезбедување на извршувањето ................................................... 35
Утврдување неизвршување на одлука на Уставниот суд ............. 35

**VII. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА УСТАВНИОТ СУД ............................ 35**

Обезбедување јавност во работата на Уставниот суд.................. 35
Исклучување на јавноста ............................................................. 36

**VIII. ПРАВА, ДОЛЖНОСТИ И СТАТУС НА СУДИИТЕ НА УСТАВНИОТ СУД .............................................................................. 36**

Имунитет......................................................................................... 36
Исклучување одговорност поради гласање или став .................. 37
Права и обврски во вршењето на функцијата .............................. 37
Самостојност и независност во одлучувањето............................. 37
Гаранција за постапувањето и одлучувањето .............................. 38
Забрана за влијание ...................................................................... 38
Изземање ....................................................................................... 38
Јавно изнесување мислење за прашања кои се
предмет на спор ............................................................................. 39
Посебни права ............................................................................... 39
Легитимација .................................................................................. 39

**IX. ФИНАНСИСКА НЕЗАВИСНОСТ НА УСТАВНИОТ СУД ................... 39**

Обезбедување средства ................................................................ 39
Користење буџетески средства .................................................... 40
Задолжителна консултација........................................................... 40
Правно уредување.......................................................................... 40
Предлог буџетско барање ............................................................. 40

**X. СОРАБОТКА СО УСТАВНИ СУДОВИ НА ДРУГИ ДРЖАВИ, МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ И ТЕЛА И ВИСОКООБРАЗОВНИ И НАУЧНИ УСТАНОВИ.................................. 41**

Соработка....................................................................................... 41

**XI. ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА ........................................ 41**

Одлучување за внатрешната организација и работа.................... 41

**XII. ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР.................................................................. 42**

Услови за именување, мандат и одговорност ............................... 42
Овластувања и одговорности ......................................................... 42
Одлучување за правата и обврските од
работниот однос на секретарот ...................................................... 43
Заменување на секретарот ............................................................. 43

**XIII. СЛУЖБА НА УСТАВНИОТ СУД ........ 43**
Служба ........ 43
Статус на вработените во Службата ........ 44
Работи кои ги врши Службата ........ 44
Соодветна и правична застапеност ........ 45
Начин на вршење на работите ........ 45
Прописи кои се применуваат ........ 45
Надлежен второстепен орган ........ 45

**XIV. БИБЛИОТЕКА И ИНФОРМАТИЧКИ СИСТЕМ НА УСТАВНИОТ СУД ........ 46**
Обезбедување услови ........ 46

**XV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ ........ 46**
Постапки по предметите оформени пред влегувањето во сила на овој акт ........ 46
Примена на акти ........ 46
Одложена примена ........ 46
Престанок на важење ........ 47
Објавување и влегување во сила ........ 47

Врз основа на член 113 од Уставот на Република Северна Македонија, Уставниот суд на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 27 мај 2024 година, донесе

# АКТ
# НА УСТАВНИОТ СУД
# НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Предмет на уредување

Член 1

Со овој акт се уредуваат прашања кои се однесуваат на начинот на работа на Уставниот суд на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Уставен суд) како што се функционалната и финансиската независност, административната самостојност, јавноста во работата, внатрешната организација, актите на Судот, нивното правно дејство и извршување, правата и должностите на претседателот на Судот и судиите кои произлегуваат од вршењето на функцијата, како и постапките пред Судот преку кои се остваруваат неговите надлежности и други прашања во врска со начинот на работа и постапката пред Судот.

### Независност и самостојност

Член 2

Уставниот суд е независен и самостоен во однос на сите органи на државната власт, кој ги врши своите надлежности во согласност со Уставот на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Уставот), овој акт и другите акти на Судот.

## Гаранција и остварување на независноста и самостојноста

Член 3

Независноста и самостојноста на Уставниот суд се гарантираат и остваруваат преку почитување на неговата функционална и финансиска независност, административна самостојност, како и статусот на судиите кој ја обезбедува нивната независност и непристрасност.

## Седиште на Уставниот суд

Член 4

Седиштето на Уставниот суд е во Скопје.

## Обележја на Уставниот суд

Член 5

(1) Обележја на Судот се печат и лого.

(2) Судот има печат со облик на круг кој во средината го содржи грбот на Република Северна Македонија околу кој во концентрични кругови е испишан текст „Република Северна Македонија - Уставен суд на Република Северна Македонија - Скопје”.

(3) Судот има мал печат со иста содржина како печатот од став 2 на овој член.

(4) Судот има лого во кој примарен симбол е отворена книга - визуелен приказ на Уставот. Во долниот дел, на лабел лента е аплициран називот на институцијата, од лентата од двете страни во кружна форма излегуваат дабови гранчиња, додека во горниот дел, на лабел лента е аплицирано државното знаме.

## Должност за доставување податоци, информации и материјали

Член 6

Секој е должен на Уставниот суд да му дава податоци, информации и материјали по прашања од интерес за водење на постапката.

## Јавност во работата

Член 7

(1) Работата на Уставниот суд е јавна.

(2) Прашањата кои се однесуваат на јавноста во работата, како и случаите на нејзино исклучување се уредуваат со овој акт.

## Употреба на јазици и писма

Член 8

Во работата на Уставниот суд се обезбедува примена на јазиците и писмата согласно со Уставот и закон.

# II. НАЧИН НА РАБОТА НА УСТАВНИОТ СУД

## Поднесоци

Член 9

(1) Своите надлежности, Уставниот суд ги врши по претходно примен поднесок.

(2) Поднесоците по кои Судот постапува се:

- иницијатива за оценување уставност на закон;
- иницијатива за оценување уставност и законитост на друг пропис или колективен договор;
- иницијатива за оценување уставност на програма и статут на политичка партија и на здружение на граѓани;
- барање за заштита на слободите и правата од член 110 алинеја 3 од Уставот;
- предлог за решавање судир на надлежности меѓу носителите на законодавната, извршната и судската власт;
- предлог за решавање судир на надлежности меѓу органите на Републиката и единиците на локалната самоуправа;
- предлог за утврдување одговорност на претседателот на Републиката;
- предлог за одземање имунитет на претседателот на Републиката и

- предлог за одземање имунитет на судија на Уставниот суд.

(3) Поднесоците се поднесуваат лично до Писарницата на Судот, преку пошта или електронски.

(4) Ако поднесокот е упатен по пошта со препорачана пратка, денот на предавањето на поштата се смета како ден на предавање на Судот.

(5) Доколку поднесокот е доставен до ненадлежен орган пред истекот на рокот, а ќе стигне до Судот по истекот на рокот, ќе се смета дека е доставен навреме.

(6) Електронското поднесување на поднесоците се уредува со посебен акт на Судот.

## Означување на предметите

Член 10

Предметите кои се оформуваат по примените поднесоци или во случаите кога Уставниот суд постапува по службена должност, ги имаат следните ознаки:

- „У“ за постапката за оценување уставност на закон;
- „УЗ“ за постапката за оценување уставност и законитост на друг пропис или колективен договор;
- „УПСПЗГ“ за постапката за оценување уставност на програма и статут на политичка партија и на здружение на граѓани;
- „БЗСП“ за постапката по барање за заштита на слободите и правата од член 110 алинеја 3 од Уставот;
- „СН-I“ за постапката за решавање судир на надлежности меѓу носителите на законодавната, извршната и судската власт;
- „СН-II“ за постапката за решавање судир на надлежности меѓу органите на Републиката и единиците на локалната самоуправа;
- „ОИПР“ за постапката за одземање имунитет, за утврдување одговорност и за утврдување на настапувањето на условите за престанок на функцијата на претседателот на Републиката и

- „ОИСС“ за постапката за одземање имунитет и за утврдување трајно губење на способноста за вршење на функцијата судија на Уставниот суд.

## Формирање и распределба на предмети

Член 11

(1) Генералниот секретар на Уставниот суд ги формира и распределува предметите согласно со времето на приемот на поднесокот и азбучниот редослед на презимињата на судиите.

(2) Распределбата на предметите оформени по барање за заштита на слободите и правата од член 110 алинеја 3 од Уставот и во кои Судот постапува по службена должност се врши посебно на истиот начин од став 1 на овој член.

## Постапување по службена должност

Член 12

Уставниот суд ги врши своите надлежности и по службена должност во случаите предвидени со Уставот и овој акт.

## Следење на остварувањето на уставноста, законитоста и слободите и правата

Член 13

Уставниот суд го следи остварувањето на уставноста, законитоста и слободите и правата на човекот и граѓанинот утврдени со Уставот и по свое наоѓање, може да усвои посебен извештај во кој ќе укаже на потребата за преземање мерки за нивно остварување и заштита и ќе го достави до надлежниот орган.

## Трошоци во постапката

Член 14

(1) Учесниците во постапката сами ги сносат своите трошоци.

(2) Во постапката пред Уставниот суд не се плаќа такса.

## Седница на Уставниот суд

Член 15

(1) За работите од својата надлежност, Уставниот суд одлучува на седница.

(2) Седницата ја закажува и со неа раководи претседателот на Судот.

(3) Секој судија може да предложи одржување седница, за што доставува предлог во писмена или електронска форма до претседателот на Судот, за што се известуваат судиите.

(4) Седницата може да се одржи ако се присутни најмалку пет судии на Уставниот суд.

(5) Ако на дневен ред на седницата се предложени прашања за кои Судот одлучува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број на судиите, седницата може да се одржи ако се присутни најмалку шест судии.

## Работни состаноци

Член 16

(1) За разгледување определени прашања од работата на Уставниот суд, претседателот на Судот свикува работни состаноци еднаш месечно.

(2) Секој судија на Уставниот суд може да предложи свикување работен состанок.

(3) Предлогот се доставува до претседателот на Судот и содржи предлог за разгледување на определени прашања со образложение.

(4) Претседателот на Судот е должен да го свика работниот состанок врз основа на доставениот предлог.

(5) На работните состаноци присуствуваат судиите и генералниот секретар на Судот, а по потреба и стручни работници во Судот.

(6) За текот на работниот состанок се води записник, кој не е достапен на јавноста.

(7) Записникот од работниот состанок се усвојува на првиот нареден работен состанок.

## Избор на претседател на Уставниот суд

Член 17

(1) Уставниот суд на седница избира претседател на Уставниот суд од редот на судиите со двотретинско мнозинство од вкупниот број на судиите, со тајно гласање.

(2) Секој судија може да предложи кандидат за претседател на Уставниот суд.

(3) Предлогот за кандидат за претседател на Судот го утврдува комисија од тројца судии избрани со мнозинство од вкупниот број на судиите.

(4) Ако кандидатот не го добие потребното мнозинство гласови, постапката за избор на претседател се повторува.

## Права и должности на претседателот на Уставниот суд

Член 18

(1) Претседателот на Уставниот суд:

- го претставува Судот;
- ги потпишува одлуките, решенијата и другите акти на Судот;
- се грижи за спроведување на овој акт и
- врши и други работи определени со овој или друг акт на Судот.

(2) Во случај на отсутност или спреченост, претседателот го заменува судија според распоредот утврден од Судот по азбучниот ред на презимето на судиите.

## Постојани и повремени комисии

Член 19

(1) Уставниот суд има постојани и повремени комисии.

(2) Постојани комисии се:

- Комисија за организациони и кадровски прашања;
- Комисија за информирање и соработка;
- Редакциона комисија;

(3) Повремените комисии се оформуваат по потреба.

(4) Во составот на комисиите можат да бидат избрани претседателот на Уставниот суд, судиите, генералниот секретар и стручните работници во Судот.

(5) Со работата на комисијата раководи претседател кој се избира од редот на судиите.

(6) Доколку е во нејзиниот состав, со комисијата раководи претседателот на Судот.

(7) Уставниот суд ги избира членовите на постојаните комисии на предлог на претседателот на Судот на три години.

(8) Составот и времето за кое се избираат повремените комисии се определува со одлуката за нивно формирање.

## Комисија за организациони и кадровски прашања

Член 20

Комисијата за организациони и кадровски прашања:

- ги разгледува прашањата и подготвува предлози за подобрување на организацијата и начинот на работа на Уставниот суд;
- разгледува и дава предлози за именување и разрешување на генералниот секретар на Судот;
- утврдува предлози за донесување на акти за организација и систематизација и други акти за работата на Службата на Уставниот суд и
- врши и други работи што ќе ѝ ги додели Судот.

## Комисија за информирање и соработка

Член 21

(1) Комисијата за информирање и соработка:

- ги уредува изданијата на Уставниот суд;
- се грижи за редовно снабдување на библиотеката на Уставниот суд со стручна литература, периодични стручни списанија, други публикации, службени гласила и дневен печат и
- ги следи написите за работата на уставните судови во медиумите, научните и стручните публикации и

за прашањата од интерес за уставноста и законитоста го информира Судот.

(2) Врз основа на сознанијата при разгледувањето на позначајни правни прашања, прашања од значење за заштита и унапредување на слободите и правата на човекот и граѓанинот и од значење за унапредување на уставно-судската мисла и практика, Комисијата му предлага на Судот заземање ставови и мислења и остварување соработка со уставните судови на другите држави.

**Редакциона комисија**

Член 22

Редакционата комисија ги редактира одлуките, решенијата и другите материјали што ќе ги определи Судот.

III. ПОСТАПКА ПРЕД УСТАВНИОТ СУД

**1. Постапка за оценување на согласноста на законите со Уставот, согласноста на другите прописи и колективните договори со Уставот и законите и согласноста на програмите и статутите на политичките партии и здруженијата на граѓаните со Уставот**

**Иницијатива**

Член 23

(1) Секој може да поднесе иницијатива за оценување на согласноста на законите со Уставот, согласноста на другите прописи и колективните договори со Уставот и законите и согласноста на програмите и статутите на политичките партии и здруженијата на граѓаните со Уставот.

(2) Иницијативата од став 1 на овој член се поднесува во писмена форма во два примероци или електронски и содржи: означување на законот, прописот или другиот општ акт односно одделни негови одредби што се оспоруваат, причини за нивно оспорување, одредбите од Уставот, односно законот што се

повредуваат со тој акт, името и адресата, односно називот и седиштето на подносителот на иницијативата, како и потпис на подносителот, односно потпис од овластениот застапник и печат.

(3) Доколку иницијативата е поднесена во име на друго лице, задолжително се доставува полномошно.

(4) Уставниот суд, може по сопствена иницијатива да одлучи да оформи предмет за оценување уставност на закон, уставност и законитост на пропис или друг општ акт или уставност на програма и статут на политички партии и здруженија на граѓани.

**Постапување по непотполна иницијатива, која е поднесена од непознат подносител, содржи навредливи наводи или за која Уставниот суд не е надлежен**

Член 24

(1) Доколку иницијативата не ги содржи елементите од член 23 став 2 на овој акт или не е доставено полномошно, генералниот секретар на Уставниот суд ќе му укаже на подносителот на недостатоците и ќе определи рок за нивно отстранување, кој не може да биде подолг од 30 дена.

(2) На предлог на генералниот секретар, Судот ќе констатира дека иницијативата не е поднесена, доколку:

- во определениот рок не се отстранети недостатоците;
- иницијативата е поднесена од непознат подносител или
- иницијативата содржи навредливи наводи.

(3) Ако со иницијативата се бара мислење, објаснување или интервенција пред други органи, генералниот секретар на Уставниот суд писмено ќе го извести подносителот дека Судот не е надлежен да одлучува за такви прашања.

## Постапување по иницијативи поднесени од повеќе учесници

Член 25

(1) Ако во текот на постапката се утврди дека повеќе учесници со посебни иницијативи барале да се оцени уставноста, односно уставноста и законитоста на исти одредби од ист закон, друг пропис или друг општ акт, сите иницијативи се здружуваат со првоподнесената и за сите се води единствена постапка и се донесува една одлука.

(2) Ако во Судот се оформени предмети по повеќе одделни иницијативи за оценување на уставноста, односно уставноста и законитоста на ист закон, друг пропис или општ акт, сите подоцна оформени предмети може да се придружат кон првооформениот предмет, за сите да се води единствена постапка и да се донесе една одлука.

## Испитување на иницијативата

Член 26

При испитувањето на иницијативата од член 23 на овој акт, Уставниот суд не е ограничен со наводите или одредбите што се оспорени со истата.

## Учесници во постапката

Член 27

Подносителот на иницијативата и доносителот на оспорениот акт се учесници во постапката пред Уставниот суд.

## Претходна постапка

Член 28

(1) Судијата и советникот на кои им е доделен предметот во работа ја водат претходната постапка согласно со одредбите на овој акт.

(2) Во испитувањето на иницијативите со кои се бара оценување уставност, односно уставност и

законитост, советникот ќе ги собере податоците и известувањата што се потребни за одлучување во врска со барањето за поведување постапка.

(3) Најдоцна во рок од седум дена од доделувањето на предметот во работа, судијата и советникот се должни да започнат да преземаат дејствија во претходната постапка.

(4) Во текот на претходната постапка, судијата и советникот може да го повикуваат секој учесник во постапката и други лица на консултативен разговор и од нив да бараат потребни известувања и објаснувања, а по потреба на доносителот на оспорениот акт да му ја достават и иницијативата.

## Реферат за седница

Член 29

(1) Најдоцна во рок од шест месеци од денот кога предметот е даден во работа, се поднесува реферат за седница, во спротивно Судот се известува за причините за пречекорување на рокот.

(2) Рефератот за седница содржи: кога е поднесена иницијативата, какво барање е поставено и од кого е поднесено, кои подготовки се извршени, кои спорни правни и фактички прашања се појавиле во текот на работата по предметот, приказ на уставно - судската практика, правно мислење и предлог за начинот на решавање на поставеното барање.

## Разгледување списи

Член 30

(1) Учесниците во постапката и нивните застапници и полномошници имаат право, во присуство на определен вработен во Уставниот суд, да ги разгледуваат списите во предметот по кој се води постапката.

(2) На учесниците во постапката, како и на други лица не можат да им се ставаат на увид реферат, нацрт на одлука и решение, освен рефератите за јавна расправа, за подготвителна седница или за седница на која тие се поканети да учествуваат.

## Свикување седница

Член 31

(1) Претседателот на Уставниот суд ги известува судиите за денот и часот на одржување на седницата со предлог-точки за разгледување.

(2) Писменото известување им се доставува на судиите најдоцна седум дена пред одржувањето на седницата, а само во исклучителни случаи, кога тоа го бара итноста за постапување по одделни предмети, претседателот може да определи седницата да се одржи и во пократок рок.

(3) Кон писменото известување за одржување на седницата се приложуваат и рефератите, нацртот на одлуките односно решенијата, а по потреба и други материјали.

(4) Претседателот на Судот е должен доставените реферати да ги предложи за разгледување најдоцна во рок од 30 дена, а во спротивно на работен состанок ги известува судиите за причините за пречекорување на рокот.

## Дневен ред и тек на седницата

Член 32

(1) Седницата на Уставниот суд почнува со утврдување на дневниот ред.

(2) За секоја точка на дневниот ред најнапред се изложува предметот од судијата-известител, по што се отвора расправата за спорните правни и фактички прашања и се одлучува.

(3) Судија кој е спречен да присуствува на седницата може за предметот да даде мислење во писмена форма три дена пред одржувањето на седницата за кое се известуваат судиите.

(4) Доколку Судот во текот на расправата по одделно прашање оцени дека постојат основи за менување на веќе заземен став или се потребни дополнителни проучувања по предметот, ќе го одложи одлучувањето заради преиспитување на веќе заземениот став односно

заради дополнителни проучувања и ќе определи насоки за тоа.

(5) Во случаите од ставот 4 на овој член, предметот се изнесува пред Судот најдоцна до третата наредна седница.

## Донесување одлуки и решенија

Член 33

Решенијата, односно одлуките се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број судии на Уставниот суд, освен кога со Уставот и овој акт не е поинаку определено.

## Издвоено мислење

Член 34

(1) Судијата што гласал против одлука или решение или што смета дека истото треба да се заснова на други правни основи, може да го издвои своето мислење и да го образложи во писмена форма.

(2) Издвоеното мислење се доставува до претседателот на Уставниот суд најдоцна 30 дена од денот кога е утврден текстот на одлуката, односно решението.

(3) Издвоеното мислење се објавува во службеното гласило во кое се објавува одлуката, односно решението на Судот.

(4) Во случаите кога писменото образложение на издвоеното мислење нема да биде доставено во рокот од став 2 на овој член, ќе се објави дополнително.

## Записник за текот на седницата

Член 35

(1) За текот на седницата се води записник кој се усвојува на првата наредна седница.

(2) Записникот содржи: време и место на одржување на седницата, имињата на присутните судии и на другите присутни по азбучен ред на презимето, усвоениот дневен ред, одлуката односно заклучокот за

секоја точка од дневниот ред, со означување на судиите што гласале за и против одлуката.

(3) Записникот од став 1 на овој член не е достапен на јавноста.

## Поведување постапка

Член 36

(1) Постапката за оценување на согласноста на законите со Уставот, согласноста на другите прописи и колективните договори со Уставот и законите и согласноста на програмите и статутите на политичките партии и здруженијата на граѓани со Уставот се поведува со решение на Уставниот суд.

(2) Во случаите од став 1 на овој член, Судот по своја оцена може на доносителите на актите да им определи рок не подолг од шест месеци за измена и/или дополнување на актот во согласност со ставовите на Судот изразени во решението.

(3) Доколку доносителите не постапат во рокот определен од страна на Судот, постапката ќе продолжи.

## Запирање на извршување

Член 37

(1) Уставниот суд, по предлог на подносителот или по сопствена оцена, може по поведувањето на постапката, до донесување конечна одлука, да донесе решение за запирање на извршувањето на поединечни акти или дејствија што се преземени врз основа на закон, друг пропис или општ акт чија уставност односно законитост ја оценува, доколку со нивното извршување би можело да настанат тешко отстранливи последици.

(2) Решението од ставот 1 на овој член, произведува правно дејство од денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

(3) Во случаите од став 1 на овој член, Судот е должен да одлучи во рок од три месеци.

(4) Со конечната одлука, Судот ќе го стави вон сила решението од став 1 на овој член.

## Отфрлање иницијатива

Член 38

Уставниот суд ќе ја отфрли иницијативата ако:

- не е надлежен да одлучува за барањето;
- за истата работа веќе одлучувал, а нема основи за поинакво одлучување или
- постојат други процесни пречки за одлучување по иницијативата.

## Запирање постапка

Член 39

Уставниот суд ќе ја запре постапката ако:

- во текот на постапката, законот, другиот пропис или општ акт престанале да важат, а не наоѓа основи за оценување на нивната уставност односно уставност и законитост во време на важењето;
- во текот на постапката биде повлечена иницијативата за оценување уставност односно уставност и законитост, а Уставниот суд не наоѓа основа да ја води постапката по сопствена иницијатива;
- се утврди дека поведувањето на постапката било засновано врз погрешна фактичка состојба;
- по утврдувањето на фактичката и правната состојба, на јавната расправа отпаднат основите за сомневање на уставноста и законитоста;
- доносителот на актот постапил во определениот рок во согласност со ставовите на Судот (член 36 став 2) и
- во текот на постапката престанат процесните претпоставки за нејзино натамошно водење.

## Подготвителна седница

Член 40

(1) Заради разјаснување на фактичката и правната состојба по одделни предмети, Уставниот суд до поведувањето постапка, може да одлучи да одржи подготвителна седница на која се повикуваат учесниците во постапката, стручни органи и организации, научни и стручни работници, што ќе ги определи Судот.

(2) Во поканата за подготвителна седница се содржани наводите од иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на законот, односно уставноста и законитоста на прописот или општиот акт, правната состојба и спорните правни прашања што биле истакнати во претходната постапка.

(3) Со подготвителната седница раководи претседателот на Уставниот суд.

(4) Судијата-известител по предметот ги запознава присутните со фактичката и правната состојба, како и со спорните прашања што се поставени во текот на претходната постапка, а потоа претседателот на Судот ги повикува присутните да ги искажат своите ставови и мислења, односно ставовите и мислењата на органите и организациите што ги претставуваат.

(5) На подготвителната седница, судиите можат да поставуваат прашања во врска со спорните правни и фактички прашања битни за одлучувањето на Судот.

## Јавна расправа

Член 41

(1) За одржување јавна расправа одлучува Уставниот суд на седница, при што, покрај учесниците во постапката, ги определува органите и организациите и научните и стручни работници што треба да бидат повикани на расправата и се известуваат и медиумите.

(2) Јавната расправа може да се одржи откако е поведена постапка за оценување уставност на закон, односно уставност и законитост на пропис или друг општ акт.

(3) Јавната расправа ја закажува и со неа раководи претседателот на Уставниот суд.

(4) За денот и часот на одржувањето на расправата, претседателот на Судот писмено ги поканува судиите најдоцна десет дена пред одржувањето на расправата, а само во исклучителни случаи, кога тоа го бара итноста за постапување, и во пократок рок.

## Референт за јавна расправа

Член 42

Референтот за јавна расправа содржи: суштина на барањето поставено во иницијативата, кратка содржина на одговорот и другите известувања на учесниците во постапката, правната и фактичката состојба утврдени до јавната расправа и спорните правни прашања.

## Покана за јавна расправа

Член 43

(1) Поканата за јавната расправа им се доставува и на учесниците во постапката, односно нивните застапници или полномошници, како и на другите повикани лица, органи и организации.

(2) Од денот на доставувањето на поканата до денот на одржувањето на јавната расправа треба да поминат најмалку десет дена, а во исклучителни случаи, кога тоа го бара итноста за постапување, може да се определи и пократок рок.

(3) Во поканата за јавна расправа се содржани суштината на барањето поставено во иницијативата, правната и фактичката состојба утврдени до јавната расправа и спорните правни прашања.

## Кворум за одржување јавна расправа

Член 44

Јавната расправа може да се одржи ако се присутни најмалку пет судии на Уставниот суд.

## Тек на јавната расправа

Член 45

(1) На почетокот на расправата претседателот на Уставниот суд ги известува присутните за кој предмет ќе се расправа и кои од поканетите лица присуствуваат на расправата.

(2) Воведно излагање за предметот на расправата поднесува судијата-известител. Во случај на негова

спреченост, претседателот на Уставниот суд определува друг судија. Ако во претходната постапка учествувале повеќе судии, судија-известител е судијата кој по распоредот за работа го добил предметот, ако судиите поинаку не се договорат.

(3) По излагањето на судијата-известител, учесниците на расправата ги изнесуваат и образложуваат мислењата и фактите од интерес за разјаснувањето на состојбата на предметот.

(4) Во текот на јавната расправа судиите на Уставниот суд можат да поставуваат прашања и да бараат објаснувања од учесниците во постапката и другите повикани лица за прашањата што се предмет на јавната расправа, без изнесување на своето мислење.

(5) Со оглед на текот на расправата, по предлог на претседателот или на судија, Судот може да одлучи расправата да се прекине.

**Изведување докази на јавната расправа**

Член 46

(1) Уставниот суд одлучува дали на расправата ќе се изведат доказите што се изведени во претходната постапка.

(2) Ако во текот на расправата се укаже на нови докази што не се изведени во претходната постапка, истите ќе се изведат на расправата.

**Одлагање на јавна расправа и подготвителна седница**

Член 47

(1) Уставниот суд може да одлучи, на предлог на учесниците во постапката или по сопствена оцена, јавната расправа, односно подговителната седница да се одложи на определено или на неопределено време, заради прибавување на потребни податоци, известувања или мислења.

(2) Ако Уставниот суд на јавната расправа одлучи да ја оценува уставноста и законитоста на одредби од општиот акт чија уставност и законитост не се оспорува во иницијативата, односно која не е опфатена со решението

за поведување постапка, Уставниот суд, ќе ја одложи јавната расправа и ќе определи рок за давање одговор од доносителот на актот.

**Продолжување со јавната расправа и подготвителната седница**

Член 48

Ако подносителот на иницијативата во текот на јавната расправа или подготвителната расправа се откаже од иницијативата за поведување постапка, Уставниот суд ќе продолжи со јавната, односно подготвителната расправа, ако прашањето е од пошироко уставноправно значење.

**Заклучување на јавната расправа**

Член 49

Кога Уставниот суд ќе оцени дека расправата по предметот е исцрпена, претседателот на Судот ја заклучува јавната расправа и ги известува учесниците во постапката за начинот на соопштување на одлуката.

**Записник од јавната расправа**

Член 50

(1) За текот на расправата се води записник.

(2) Записникот содржи: време и место на одржување на јавната расправа, состав на Уставниот суд, присутните учесници и другите повикани лица, кратка содржина на искажувањата на учесниците во постапката и на другите повикани, предложените нови докази, поставените прашања и дадените одговори во текот на расправата.

(3) Записникот го води советникот што работи на предметот, а го потпишуваат претседателот на Уставниот суд и записничарот.

(4) Ако за текот на расправата се водат стенографски белешки или расправата се снима тонски, стенографските белешки се составен дел од записникот.

(5) Записникот од став 1 на овој член не е достапен на јавноста.

## Советување и гласање

Член 51

(1) Кога по одржаната јавна расправа, односно одржаната седница Уставниот суд ќе констатира дека предметот е доволно разјаснет, се пристапува кон советување и гласање.

(2) Советувањето и гласањето се врши без присуство на јавноста.

(3) На советувањето и гласањето учествуваат и судиите на Уставниот суд кои не присуствувале на јавната расправа односно на седницата.

(4) Во текот на советувањето, Уставниот суд може да заклучи да се одложи донесувањето на одлуката или да се одржи нова расправа.

(5) Пред одлучувањето за суштината на работата, доколку тоа е потребно, судиите на Уставниот суд гласаат за одделни прашања од кои зависи донесувањето на одлуката.

## Записник од советувањето и гласањето

Член 52

(1) За советувањето и гласањето се составува посебен записник.

(2) Записникот за советувањето и гласањето содржи: датум на советувањето и гласањето, имињата на судиите на Уставниот суд што учествувале во советувањето и гласањето, битна содржина на советувањето, резултатот на гласањето, усвоената одлука и имињата на судиите што гласале за и против одлуката.

(3) Записникот за советувањето и гласањето го потпишуваат претседателот на Уставниот суд и записничарот.

(4) Записникот за советувањето и гласањето се чува во запечатен плик, кој може да се отвори само по решение на Судот.

## 2. Постапка за заштита на слободите и правата утврдени со член 110 алинеја 3 од Уставот

### Барање за заштита на слободите и правата од член 110 алинеја 3 од Уставот

Член 53

(1) Секое физичко или правно лице што смета дека со поединечен акт или дејствие на државен орган, орган на единица на локалната самоуправа или друг субјект што врши јавни овластувања му е повредена слобода или право утврдени со член 110 алинеја 3 од Уставот, може да поднесе барање до Уставниот суд за нивна заштита.

(2) Барањето во име и за сметка на друго лице може да го поднесе и народниот правобранител.

(3) Барањето може да се поднесе откако ќе бидат исцрпени сите редовни и вонредни правни средства за заштита од поединечниот акт во рок од 60 дена од приемот на актот по кој се исцрпени правните средства, односно 60 дена од денот на дознавањето за преземање на дејствието, но не подоцна од една година од денот на преземањето.

(4) Барањето задолжително содржи: име и презиме, односно назив ако подносителот е правно лице; единствен матичен број на граѓанинот, односно единствен матичен број на субјектот на уписот (ЕМБС) за правните лица; живеалиште или престојувалиште, односно седиште на правното лице; име и презиме на полномошникот; податоци за поединечниот акт кој подносителот смета дека му ги повредил слободите и правата, односно опис на дејствието со кое според подносителот му се повредени слободите и правата; означување на слободите и правата утврдени со член 110 алинеја 3 од Уставот кои подносителот смета дека му се повредени; наводи во што се состои повредата; потпис на подносителот, односно лицето на кое му е издадено специјално полномошно за поднесување барање до Уставниот суд.

(5) Со барањето се поднесува и оспорениот поединечен акт, доказите дека се исцрпени правните средства, како и други докази од значење за одлучувањето.

## Доставување на одговор

Член 54

(1) Барањето се доставува на одговор до доносителот на поединечниот акт, односно органот или субјектот кој врши јавни овластувања што го презел дејствието, во рок од пет дена од денот на доделувањето на предметот во работа.

(2) Рокот за одговор е 15 дена од приемот.

## Реферат за седница

Член 55

(1) Најдоцна во рок од 90 дена од денот кога предметот е даден во работа, се поднесува реферат за седница или Судот се известува за причините за пречекорување на рокот.

(2) Рефератот од став 1 на овој член по правило содржи и приказ на праксата на Европскиот суд за човекови права која е од значење за предметот.

## Јавна расправа

Член 56

(1) За заштита на слободите и правата Уставниот суд одлучува, по правило, врз основа на одржана јавна расправа.

(2) На јавната расправа се поканувaат учесниците во постапката и народниот правобранител, а по потреба можат да се повикаат и други лица, органи или организации.

(3) Јавната расправа може да се одржи и ако некој од учесниците во постапката или народниот правобранител не присуствуваат, доколку се уредно поканети.

## Одлука за заштита на слободите и правата утврдени со член 110 алинеја 3 од Уставот

Член 57

(1) Со одлуката за заштита на слободите и правата од член 110 алинеја 3 од Уставот, Уставниот суд ќе утврди нивна повреда или ќе го одбие барањето.

(2) Со одлуката со која е утврдена повреда на слободите и правата утврдени со член 110 алинеја 3 од Уставот, Судот ќе го определи и начинот на отстранување на последиците од примената на поединечниот акт или дејствието со кои тие права и слободи биле повредени.

## Запирање на извршување на поединечен акт или дејствие

Член 58

Во текот на постапката по поднесено барање за заштита на слободите и правата утврдени со член 110 алинеја 3 од Уставот, Уставниот суд може да донесе решение за запирање на извршувањето на поединечниот акт или дејствие до донесување конечна одлука доколку оцени дека со неговото извршување би можело да настанат тешко отстранливи последици.

## Запирање постапка

Член 59

Уставниот суд ќе ја запре постапката по поднесено барање:

- ако подносителот го повлече барањето;
- поради смрт на подносителот на барањето или
- ако постојат други процесни пречки за постапување и одлучување по барањето.

## 3. Постапка за одземање имунитет, утврдување одговорност и настапување на услови за престанок на функцијата на претседателот на Републиката

### Одземање имунитет

Член 60

(1) За одземање на имунитетот на претседателот на Републиката, Уставниот суд одлучува по предлог на надлежниот орган пред кој е поднесено барање за мерка притвор.

(2) Претседателот на Судот, по приемот на предлогот од став 1 на овој член, е должен во најкус рок да закаже седница за формирање на Комисијата од член 63 на овој акт.

(3) Комисијата е должна во рок од два дена да го разгледа предлогот и да достави извештај до претседателот на Судот.

(4) Седницата на Судот на која се одлучува по предлогот се одржува во рок од два дена од приемот на извештајот од став 3 на овој член.

(5) За седницата се известува и претседателот на Републиката.

### Утврдување одговорност на претседателот на Републиката

Член 61

(1) Постапката за утврдување одговорност на претседателот на Републиката за кршење на Уставот и законите во вршењето на своите права и должности се смета за поведена од денот на поднесување на предлогот од Собранието на Република Северна Македонија.

(2) Предлогот содржи опис, како и докази за повредата на Уставот и законот која му се става на товар на претседателот на Република Северна Македонија.

(3) Уставниот суд ќе побара од претседателот на Републиката да се произнесе за наводите од предлогот на Собранието на Република Северна Македонија.

(4) Во постапката пред Судот за утврдување одговорност учествува и претседателот на Републиката.

(5) Ако Уставниот суд утврди одговорност на претседателот на Републиката, функцијата му престанува по сила на Уставот, сметано од денот на донесувањето на одлуката со која е утврдена негова одговорност.

(6) Уставниот суд е должен да одлучи во рок од 30 дена од поднесувањето на предлогот на Собранието на Република Северна Македонија.

**Утврдување на настапување услови за престанок на функција**

Член 62

(1) Настапувањето на условите за престанок на функцијата на претседателот на Републиката поради смрт, оставка, трајна спреченост да ја врши функцијата или престанок на мандатот по сила на Уставот, Уставниот суд ги утврдува по службена должност.

(2) Настапувањето на трајната спреченост да ја врши функцијата од став 1 на овој член се утврдува на седница на Судот, врз основа на акти, наоди, стручни мислења на медицински или други установи или органи.

(3) Врз основа на утврдувањето на настапување на условите за престанок на функцијата на претседателот на Републиката, Судот ќе го определи и денот кога престанала функцијата на претседателот на Републиката.

**Комисија**

Член 63

Уставниот суд по пат на ждрепка определува комисија составена од тројца судии на Судот која ги испитува околностите, фактите и доказите што се од значење за одлучување на Судот во случаите од членовите 60 до 62 на овој акт.

## 4. Постапка за решавање судир на надлежности

### Предлог за решавање судир на надлежности

Член 64

(1) Предлог за решавање судир на надлежност меѓу носителите на законодавната, извршната и судската власт и меѓу органите на Републиката и на единиците на локалната самоуправа може да поднесе секој од органите меѓу кои настанал судирот.

(2) Предлог може да поднесе и секој што поради прифаќањето или одбивањето на надлежноста на одделни органи не може да оствари свое право.

(3) Рокот за поднесување на предлогот од став 1 на овој член е три месеци од правосилноста или конечноста на актот со кој е прифатена или одбиена надлежноста.

### Претпоставки за поднесување предлог за решавање судир на надлежности

Член 65

(1) Органите од член 64 на овој акт предлогот за решавање судир на надлежност може да го поднесат откако еден од органите со конечен или правосилен акт ја прифати или ја одбие надлежноста за решавање на ист предмет.

(2) Субјектите од член 64 на овој акт кои поради прифаќањето или одбивањето на надлежноста не можат да остварат свое право, предлогот за решавање на судирот на надлежноста може да го поднесат откако и двата органи ја прифатиле или ја одбиле надлежноста со конечен или правосилен акт.

### Елементи на предлогот за решавање судир на надлежности

Член 66

Предлогот за решавање судир на надлежности содржи: предмет на спорот поради кој настанал судирот, органите меѓу кои настанал судирот и означување на

конечните, односно правосилните акти со кои органите ја прифатиле или одбиле надлежноста да одлучуваат по ист предмет.

### Одлучување по предлог за решавање судир на надлежности

Член 67

Со одлуката со која решава за судирот на надлежностите, Уставниот суд го определува надлежниот орган за одлучување по предметот.

### Запирање на извршување на поединечни акти

Член 68

Во текот на постапката Уставниот суд може да донесе решение за запирање на извршувањето на поединечните акти на органите по чиј повод е предизвикан судирот на надлежност, до донесувањето конечна одлука.

## 5. Постапка за одземање имунитет и утврдување на трајно губење на способноста за вршење на функцијата судија на Уставниот суд

### Постапување на Уставниот суд

Член 69

(1) За утврдување на трајно губење на способноста на судија на Уставниот суд за извршување на својата функција, како и одземањето на неговиот имунитет, Уставниот суд одлучува на седница со двотретинско мнозинство од вкупниот број судии.

(2) Трајното губење на способноста од став 1 на овој член се утврдува по службена должност врз основа на акти, наоди, експертски и стручни мислења на медицински и други установи и органи со кои се утврдува здравствената или друга неспособност.

(3) Судот по пат на ждрепка определува комисија составена од тројца судии на Уставниот суд која ги испитува околностите, фактите и доказите од значење за одлучување во случаите од став 1 на овој член.

(4) Одредбите што се однесуваат на постапката за одземање на имунитетот на претседателот на Републиката, сообразно се применуваат на постапката за одземање имунитет на судија на Уставниот суд.

## 6. Примена на одредбите на овој акт на постапките пред Судот

### Сообразна примена

Член 70

Одредбите на овој акт што се однесуваат на постапката за оценување на согласноста на законите со Уставот, согласноста на другите прописи и колективните договори со Уставот и законите и согласноста на програмите и статутите на политичките партии и здруженијата на граѓаните со Уставот, сообразно се применуваат на постапките за заштита на слободите и правата утврдени со член 110 алинеја 3 од Уставот; одземање имунитет, утврдување одговорност и утврдување на настапувањето на условите за престанок на функцијата на претседателот на Републиката; решавањето судир на надлежности; и одземање на имунитетот и утврдување на трајно губење на способноста за вршење на функцијата судија на Уставниот суд, доколку со овој акт не е поинаку определено.

## IV. АКТИ НА УСТАВНИОТ СУД

### Видови акти

Член 71

Уставниот суд донесува одлуки и решенија.

### Одлуки

Член 72

Уставниот суд донесува одлука кога одлучува за суштината на работата и тоа:

- за поништување или укинување на закон и друг пропис, програма и статут на политичка партија и на здруженија на граѓани или друг општ акт;

- за заштита на слободите и правата утврдени со член 110 алинеја 3 од Уставот;

- за решавање судир на надлежности;

- за одземање имунитет, за одговорноста и за утврдување на настапувањето на условите за престанок на функцијата претседател на Република Северна Македонија;

- за имунитетот и за условите за разрешување од должноста судија на Уставниот суд на Република Северна Македонија и

- за утврдување неуставност на закон, односно неуставност и незаконитост на пропис и друг општ акт во време на важењето, што престанал да важи по поведувањето постапка.

**Решенија**

Член 73

Уставниот суд донесува решение:

- за поведување постапка за оценување уставност на закон, уставност и законитост на пропис и друг општ акт и уставност на статут и програма на политичка партија или здружение на граѓани;

- за запирање постапка;

- за отфрлање иницијативи, предлози и барања;

- за запирање на извршувањето поединечни акти или дејствија донесени врз основа на закон, пропис или друг општ акт чија уставност, односно уставност и законитост ја оценува и

- во други случаи кога не одлучува за суштината на работата.

**Околности за одлучување**

Член 74

При одлучувањето дали законот, прописот или друг општ акт ќе го поништи или ќе го укине, Уставниот суд, ќе ги земе предвид сите околности што се од значење за

заштитата на уставноста и законитоста, а особено тежината на повредата и нејзината природа и значење за остварување на слободите и правата на граѓаните или за односите што се воспоставени врз основа на тие акти, правната сигурност и други околности од значење за одлучувањето.

**Содржина на одлуките и решенијата**

Член 75

(1) Одлуките и решенијата на Уставниот суд содржат означување дека ги донесува Уставниот суд на Република Северна Македонија, имиња на судиите кои учествувале во донесувањето на одлуката односно решението, името односно називот и седиштето на подносителот на иницијативата, односно предлогот, диспозитив, образложение, како и со какво мнозинство се донесени.

(2) Нацртот на текстот на одлуката, односно решението го изготвуваат судијата-известител и советникот што ја воделе претходната постапка.

(3) По правило нацрт-решението, односно нацрт-одлуката се доставува најдоцна три дена пред одржувањето на седницата.

**Утврдување текст**

Член 76

(1) Текстот на одлуката, односно решението се утврдува најдоцна до втората наредна седница на Уставниот суд, а го редактира Редакционата комисија.

(2) Текстот на одлуката односно решението утврден на седница Редакционата комисија го редактира, по правило во рок од седум дена.

(3) Ако Редакционата комисија во текот на редактирањето констатира дека во текстот на одлуката или решението постојат очигледни грешки, за тоа ќе го извести Судот на првата наредна седница.

## Потпишување на одлуките и решенијата

Член 77

Утврдениот конечен текст на одлуката, односно решението го потпишува претседателот на Уставниот суд и судијата-известител.

## Доставување на одлуките и решенијата

Член 78

Преписот од конечниот текст на одлуката, односно решението се доставува на учесниците во постапката и за објавување во рок од три дена од денот на потпишувањето.

## Објавување на одлуките и решенијата

Член 79

(1) Одлуките на Уставниот суд се објавуваат во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

(2) Уставниот суд може да одлучи во „Службен весник на Република Северна Македонија” да се објават и одделни решенија.

## Исправки на одлуките и решенијата

Член 80

(1) Ако изворниот текст на одлуката, односно решението содржи технички грешки или ако преписот не е истоветен со изворниот текст, Судот врши исправка со решение врз основа на известување од судијата-известител.

(2) Исправката се доставува на учесниците во постапката и се објавува на ист начин како и одлуката, односно решението доколку претходно било објавено.

## V. ПРАВНО ДЕЈСТВО НА ОДЛУКИТЕ НА УСТАВНИОТ СУД

**Правно дејство на одлуките**

Член 81

Одлуките на Уставниот суд се конечни и извршни и правно обврзувачки за сите правни субјекти.

**Укинување**

Член 82

Одлуката на Уставниот суд на Република Северна Македонија со која се укинува закон, пропис или друг општ акт произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

**Извршување на правосилни поединечни акти донесени врз основа на укинат или поништен закон или друг општ акт**

Член 83

Извршувањето на правосилните поединечни акти донесени врз основа на закон, пропис или друг општ акт што со одлука на Судот е укинат или поништен не може да се дозволи, ниту да се спроведе, а ако извршувањето е започнато, ќе се запре.

**Остварување права повредени со поединечен акт донесен врз основа на поништен закон или друг општ акт**

Член 84

Секој, чие право е повредено со конечен или правосилен акт донесен врз основа на закон, пропис или друг општ акт што со одлука на Уставниот суд е поништен има право да бара од надлежниот орган да го поништи тој поединечен акт, во рок од пет години од денот на објавувањето на одлуката на Судот во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

## VI. ИЗВРШУВАЊЕ НА ОДЛУКИТЕ НА УСТАВНИОТ СУД

**Настапување на извршноста и неможност за одлагање на извршувањето**

Член 85

(1) Обврската за извршување на одлуките на Уставниот суд започнува да тече од денот на нивното објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

(2) Одлуките на Уставниот суд се извршуваат без никакво одлагање.

**Следење на извршувањето на одлуките**

Член 86

Уставниот суд по службена должност го следи извршувањето на своите одлуки и може од секого да побара податоци и информации во врска со преземените мерки со цел извршување на одлуката.

**Барање за извршување на одлуките**

Член 87

Секој што има правен интерес може да бара извршување на одлуките на Уставниот суд.

**Утврдување начин на извршување на одлуките**

Член 88

Уставниот суд, по свое наоѓање може во одлуката да го определи начинот и рокот на нејзиното извршување или да донесе посебно решение за начинот на извршувањето.

**Извршување од страна на доносителите на актите и органите и другите субјекти при повреда на слободите и правата од член 110 алинеја 3 од Уставот**

Член 89

(1) Одлуките на Уставниот суд ги извршува доносителот на законот, другиот пропис или општиот акт што со одлука на Судот е поништен или укинат.

(2) Одлуките со кои Судот утврдил повреда на слободите и правата утврдени со член 110 алинеја 3 од Уставот, ги извршува органот или субјектот што врши јавни овластувања што го донел поединечниот акт, односно го презел дејствието кое Уставниот суд со одлука го забранил.

**Обезбедување на извршувањето**

Член 90

Уставниот суд, по потреба, ќе побара од јавните органи да го обезбедат извршувањето на одлуката.

**Утврдување неизвршување на одлука на Уставниот суд**

Член 91

Врз основа на претходно добиени податоци и известувања, Уставниот суд може да донесе посебно решение со кое ќе утврди дека неговата одлука не е извршена и ќе го извести надлежното јавно обвинителство, како и органот што го именувал или избрал раководителот на органот или телото кое не ја извршило одлуката на Судот.

VII. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА УСТАВНИОТ СУД

**Обезбедување јавност во работата на Уставниот суд**

Член 92

(1) Јавноста во работата на Уставниот суд се обезбедува со известување на јавноста преку медиумите за одржување на седниците, јавните расправи и

подготвителните седници, со присуство на учесниците во постапката, други лица, органи и организации и претставници на медиумите за одлуките на Судот по прашања од интерес за поширокaта јавност.

(2) Уставниот суд, по потреба, а најмалку двапати во годината, организира прес-конференции.

(3) Уставниот суд издава збирки на одлуки на Судот како траен извор за запознавање на јавноста со неговите одлуки, стручни мислења и ставови и по потреба други изданија.

(4) Дневниот ред на седниците на Судот, се објавува задолжително пред нивното одржување.

### Исклучување на јавноста

Член 93

(1) Јавноста во работата на Судот на јавната расправа, седницата и подготвителната седница може да се исклучи ако тоа го бараат интересите на безбедноста и одбраната на земјата, чувањето на државна, службена или деловна тајна и заштитата на моралот.

(2) Јавноста може да биде исклучена и во други оправдани случаи за што Судот одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број судии.

## VIII. ПРАВА, ДОЛЖНОСТИ И СТАТУС НА СУДИИТЕ НА УСТАВНИОТ СУД

### Имунитет

Член 94

(1) Судиите уживаат имунитет како пратениците на Собранието на Република Северна Македонија, утврден со Уставот.

(2) Судијата не може да биде притворен без одобрување на Судот, освен ако е затечен во вршење кривично дело за кое е пропишана казна затвор во траење од најмалку пет години.

(3) Судот може да одлучи да се примени имунитет над судија и кога тој самиот не се повикал на него, ако тоа е потребно заради вршењето на неговата функција.

(4) Постапката за одлучување за имунитетот на судиите се уредува со овој акт.

**Исклучување одговорност поради гласање или став**

Член 95

Судијата не може да биде повикан на кривична одговорност или друг вид одговорност или да биде притворен за искажано мислење или гласање во Судот.

**Права и обврски во вршењето на функцијата**

Член 96

Судијата на Уставниот суд:

- учествува во работата и во одлучувањето на расправите и седниците на Судот;

- како судија-известител раководи со претходната постапка по предметот што му бил доделен во работа и го известува Судот на седница за стојалиштата по предметот;

- ги следи и проучува законите, другите прописи и општи акти и може да дава предлози за оформување предмет за оценување уставност на одделен закон, односно уставност и законитост на одделен пропис или општ акт и

- врши и други работи определени со овој и други акти на Судот.

**Самостојност и независност во одлучувањето**

Член 97

Судијата одлучува по свое убедување и е слободен и независен во одлучувањето.

## Гаранција за постапувањето и одлучувањето

Член 98

(1) Податокот за тоа на кој судија-известител му бил доделен предметот во работа е таен, сè до првото објавување на предметот на седница на Судот.

(2) Се гарантира тајноста на гласањето на судиите при одлучувањето на Судот.

## Забрана за влијание

Член 99

Никој не смее да врши влијание врз постапувањето и одлучувањето на судиите на Уставниот суд.

## Изземање

Член 100

(1) Кога судијата ќе дознае за околности што укажуваат на постоење судир на интереси утврден со закон, должен е веднаш да побара да биде изземен од постапување како судија-известител или од учество во расправа и одлучување по предмет.

(2) Изземање на судија може да предложи и друг судија заради околности што укажуваат на постоење судир на интереси утврден со закон, при што е должен својот предлог да го образложи.

(3) За барањето за изземање од став 1 и предлогот од став 2 на овој член, Уставниот суд одлучува во рок од три дена.

(4) Предлог за изземање на судија може да поднесат и подносителот на барањето за заштита на слободи и права од член 110 алинеја 3 од Уставот и подносителот на предлогот за решавање судир на надлежности.

(5) За изземањето, Судот одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број судии, додека судијата чие изземање се бара не учествува во одлучувањето.

## Јавно изнесување мислење за прашања кои се предмет на спор

Член 101

Судијата не може јавно да го изнесува своето мислење за прашања кои се предмет на спор пред Уставниот суд.

## Посебни права

Член 102

Посебни права на судијата на Уставниот суд во вршењето на функцијата се заштита на неговата личност, семејството и имотот, по негово барање или по барање на претседателот на Судот до полицијата во местото на живеење, секогаш кога за тоа постојат сериозни причини за неговата безбедност, како и право на надоместок на трошоци за превоз доколку има живеалиште надвор од седиштето на Судот.

## Легитимација

Член 103

(1) На избраниот судија, Уставниот суд му издава легитимација.

(2) Формата и содржината на образецот на судската легитимација, начинот на нејзиното издавање и одземање, Судот ги пропишува со посебен акт.

# IX. ФИНАНСИСКА НЕЗАВИСНОСТ НА УСТАВНИОТ СУД

## Обезбедување средства

Член 104

Средствата за работа и функционирање на Уставниот суд се обезбедуваат од републичкиот буџет.

## Користење буџетски средства

Член 105

(1) Уставниот суд самостојно располага, распределува и утврдува намена на средствата за работа обезбедени во разделот на Буџетот на Република Северна Македонија кој се однесува на Уставниот суд.

(2) Без согласност на Судот не може да бидат намалени средствата утврдени со републичкиот буџет, ниту пак да се запре, одложи или ограничи извршувањето на буџетот на Судот.

## Задолжителна консултација

Член 106

При предлагањето и утврдувањето на максималните износи на одобрени средства за наредните три фискални години по буџетски корисници на централната власт и за фондовите, Министерството за финансии и Владата на Република Северна Македонија треба да извршат консултација со Судот за разделот кој се однесува на Судот.

## Правно уредување

Член 107

Постапката за утврдување на предлог-буџетското барање на Судот се уредува со овој акт.

## Предлог буџетско барање

Член 108

(1) Судот го утврдува предлог-буџетското барање согласно прописите и го доставува до Министерството за финансии на мислење.

(2) Министерот кој раководи со органот на управата од став од 1 на овој член до Судот доставува образложено мислење по однос на предлог-буџетското барање.

(3) Доколку има забелешки на предлог-буџетското барање на Судот може да се одржат консултации.

(4) Врз основа на доставеното мислење и одржаните консултации, Судот утврдува конечен предлог на буџетско барање кое го доставува до Владата на Република Северна Македонија.

(5) Владата на Република Северна Македонија го вградува конечниот предлог од став 4 на овој член во Предлог-буџетот на Република Северна Македонија.

## X. СОРАБОТКА СО УСТАВНИ СУДОВИ НА ДРУГИ ДРЖАВИ, МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ И ТЕЛА И ВИСОКООБРАЗОВНИ И НАУЧНИ УСТАНОВИ

### Соработка

Член 109

(1) Во остварувањето на своите надлежности и задачи Судот соработува со уставни судови на други држави, меѓународни организации и тела и високо-образовни и научни установи по прашања од значење за развојот и унапредувањето на уставно-судската мисла и пракса.

(2) Во остварувањето на соработката од став 1 на овој член Судот покренува иницијативи за разгледување на определени прашања, учествува во нивното решавање на заеднички советувања и други стручни собири, разменува мислења, информации и други материјали и остварува други облици на соработка.

## XI. ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА

### Одлучување за внатрешната организација и работа

Член 110

По прашања од доменот за внатрешна организација и работа, Уставниот суд:

- донесува акти за организација на работата и постапката пред Судот;

- утврдува начелни мислења за прашања од значење за заштитата на уставноста, законитоста и слободите и правата утврдени во Уставот;

- донесува акти за внатрешна организација и систематизација на работните места и други акти кои се однесуваат на Службата;

- донесува акт со кој се уредуваат платите на вработените во Службата;

- донесува акт за постапката за вработување и унапредување во Службата;

- го именува и разрешува генералниот секретар на Уставниот суд;

- одлучува за вработување и унапредување во Службата и

- определува претставници на Судот за учество на советувања, други стручни собири и расправи на кои е повикан.

## XII. ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР

### Услови за именување, мандат и одговорност

Член 111

(1) Уставниот суд има генерален секретар (во натамошниот текст: секретар).

(2) Судот го именува секретарот од редот на советниците на Судот за време од четири години и може повторно да биде именуван на истата должност.

(3) За својата работа и за работата на Службата, секретарот му одговара на Судот, а за задачите што му ги доверил и на претседателот на Судот.

### Овластувања и одговорности

Член 112

Секретарот:

- раководи со Службата и се грижи за унапредување на нејзината работа;

- се грижи за уредноста и ажурноста во работата по предметите и подготвувањето на другите материјали и за

таа цел свикува и раководи со работните состаноци на Службата;

- одлучува за правата, обврските и одговорностите на вработените кои произлегуваат од нивниот работен однос;

- го следи извршувањето на одлуките на Уставниот суд и за тоа го известува Судот;

- е наредбодател за извршување на пресметката на приходите и расходите на Уставниот суд и

- врши и други работи определени со овој акт, другите акти на Судот и што ќе му ги додели Судот и претседателот на Судот.

**Одлучување за правата и обврските од работниот однос на секретарот**

Член 113

За правата и обврските од работниот однос на секретарот одлучува претседателот на Судот.

**Заменување на секретарот**

Член 114

Во случај на отсутност или спреченост, секретарот може да овласти некој од советниците на Судот да го заменува во вршењето на неговите овластувања.

XIII. СЛУЖБА НА УСТАВНИОТ СУД

**Служба**

Член 115

(1) Стручните и другите работи во Судот ги врши Службата на Уставниот суд.

(2) Службата ја сочинуваат секретарот, советниците на Судот, самостојните советници, советниците, стручните соработници, помладите соработници, административните и техничките работници.

(3) Во Службата се формираат организациони единици во кои се систематизираат работните места и бројот на извршители.

(4) Во уредувањето на организацијата на Службата, утврдувањето на нејзините задачи, пропишувањето на условите и задачите за работните места во Службата, при одлучувањето за вработување, унапредување, пропишувањето на дисциплинската одговорност на вработените, како и утврдувањето на нивните плати, Судот има целосна самостојност и не зависи од одлука на друг орган.

## Статус на вработените во Службата

Член 116

(1) Вработените во Службата имаат статус на вработени во јавниот сектор.

(2) Определувањето на групата, подгрупата, категоријата и нивоата, како и шифрите на работните места во Службата согласно со прописите, се утврдуваат со посебен акт на Судот и ќе се вградат во Каталогот за работни места во јавниот сектор кој го води надлежното министерството.

(3) При донесувањето на актот од став 2 на овој член, Судот ќе ги земе предвид одговорноста, целите, видот и сложеноста на работите и работните задачи, потребните стручни квалификации, работното искуство во струката и други критериуми од значење за работното место.

## Работи кои ги врши Службата

Член 117

Службата:

- врши теориски, компаративни и други видови истражувања и анализи на правни прашања од значење за уставноста и законитоста;
- врши претходна аналитичка обработка на иницијативите и предлозите по кои се формирани предмети;
- обезбедува следење на уставно-судската практика на уставните судови во другите држави;
- изготвува реферати, нацрт на одлуки и решенија и други акти на Судот;

- врши административно-финансиски, организационо-технички, документаристички и други работи за потребите на Судот и

- врши и други работи во согласност со актите за организација и систематизација и другите акти кои се однесуваат на Службата.

**Соодветна и правична застапеност**

Член 118

При вработувањето и унапредувањето во Службата, ќе се почитува принципот на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници.

**Начин на вршење на работите**

Член 119

Стручно-аналитичкиот дел од работите на Службата се вршат непосредно, преку работни групи и стручен колегиум, во зависност од значењето на правните прашања што се поставуваат во работата на Уставниот суд.

**Прописи кои се применуваат**

Член 120

За прашањата од работниот однос на вработените во Службата се применуваат општите прописи за работните односи и колективните договори, овој акт и другите акти на Судот.

**Надлежен второстепен орган**

Член 121

По жалбите и приговорите од областа на работниот однос на вработените во Службата во втор степен е надлежна Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

## XIV. БИБЛИОТЕКА И ИНФОРМАТИЧКИ СИСТЕМ НА УСТАВНИОТ СУД

### Обезбедување услови

Член 122

(1) Уставниот суд обезбедува услови за работа на својата библиотека и информатичкиот систем.

(2) Во предлог-буџетското барање на Судот задолжително се предвидуваат средства за работа на библиотеката и информатичкиот систем.

## XV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Постапки по предметите оформени пред влегувањето во сила на овој акт

Член 123

Постапката по предметите оформени согласно со Деловникот на Уставниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија” број 70/1992 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 202/2019, 256/2020 и 65/2021), продолжува и ќе се заврши според одредбите на овој акт.

### Примена на акти

Член 124

Актите кои се однесуваат на Службата, ќе продолжат да важат по влегувањето во сила на овој акт, до донесувањето на новите акти.

### Одложена примена

Член 125

(1) Одредбите на овој акт кои се однесуваат на постапката за заштита на слободите и правата утврдени во член 110 алинеја 3 од Уставот, како и член 10 и член 11 став 2 на овој акт, ќе се применуваат од 1 јануари 2025 година.

(2) Електронското поднесување на поднесоците ќе започне од 1 јануари 2025 година.

## Престанок на важење

Член 126

Со денот на влегување во сила на овој акт, престанува да важи Деловникот на Уставниот суд на Република Северна Македонија, освен одредбите од глава IV на овој акт кои ќе се применуваат заклучно со 31 декември 2024 година.

## Објавување и влегување во сила

Член 127

Овој акт ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе влезе во сила на 1 септември 2024 година.

Су.бр.639/24
28 мај 2024 година
Скопје

**Претседател**
**на Уставниот суд на**
**Република Северна Македонија,**
Добрила Кацарска, с.р